Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 04-5485/6
29.12 2023 год.viti.
Скопје-Shkup

Бр./Nr. 11-2730/2
29.12.2023 год.-viti

Врз основа на член 24, став (1), точка 2), алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), а постапувајќи по Барањето на Одборот на директори на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, бр. 04-5485/5 од 28 декември 2023 година, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 29 декември 2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за одобрување на назначување на службеник за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје**

1. Се одобрува назначување на Дарко Бундалески за службеник за усогласеност во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно член 112, став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост Скопје на 29 декември 2023 година со допис бр. 04-5485/5, достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) предлог за назначување на Дарко Бундалески за службеник за усогласеност во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, заверено во архивата на Регулаторна комисија за енергетика со арх.бр. 11-2730/1 од 29 декември 2023 година.

Во прилог на дописот, Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост достави Одлука на Одборот на директори бр.02-5629/17 од 28 декември 2023 година со која се именува Дарко Бундалески за службеник за усогласеност во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, а која ќе произведе правно дејство по одобрување на назначувањето од страна на Регулаторната комисија за енергетика. Одлуката бр. 02-5629/17 од 28 декември 2023 година е донесена од неизвршните членови на Одборот на директори на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост по спроведување на конкурс за именување на службеник за усогласеност бр.04-5485/1 од 18 декември 2023 година. Исто така, во прилог на дописот, Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје достави и кратка биографија и дополнителна документација за Дарко Бундалески.

Согласно член 112, став (5) од Законот за енергетика*, Регулаторната комисија за енергетика со Решение бр. 11-1855/6 од 9 октомври 2023 година ги одобри условите со кои се уредува мандатот или условите за вработување на службеникот за усогласеност

утврдени во Правилник за условите и начинот на работење на службеникот за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје.

На 29 декември 2023 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која го одобри назначувањето на Дарко Бундалески за службеник за усогласеност на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 11-2730/2**
**29 декември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**